Следбено на член 43 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.09.2009 година, ја донесе одлуката за основање на Совет за безбедност и здравје при работа.

Советот за безбедност и здравје при работа ќе биде формиран како експертско и советодавно тело, а неговата улога ќе биде да разгледува и дава мислења и препораки за: програмата, состојбата во областа на безбедноста и здравјето при работа, воведување стратегија за спречување и намалување на повредите на работа и професионалните болести, стручните основи за изработување на закони и прописи од областа на безбедност и здравје при работа и документите на меѓународните организации од оваа област.

ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА